**20221151497**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 68 став (3) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Репубика Македонија“ бр. 136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Репубика Северна Македонија“ бр.99/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 10 мај 2022 година, донесе

# УРЕДБА ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИОТ ПРЕГЛЕД НА ИЗВЕДЕНИТЕ РУДАРСКИ ОБЈЕКТИ И ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ВРШЕЊЕ НА ТЕХНИЧКИОТ ПРЕГЛЕД

Член 1

Со оваа уредба се пропишува начинот на вршење на техничкиот преглед на изведените рударски објекти и висината на трошоците за вршење на техничкиот преглед.

Член 2

Техничкиот преглед на рударскиот објект или дел од тој објект се врши според главен или дополнителен рударски проект во кој предвидената изградба на рударскиот објект или негов дел е завршена.

Член 3

Технички преглед на изведениот рударски објект се врши врз основа на доставено барање на концесионерот до Министерството за економија, кое содржи: име на концесионерот или извршителот на работите, податоци за рударскиот објект или делот од објектот (вид, локација и др.), број и датум на издавање на дозволата за изведување на главниот односно дополнителниот рударски проект во кој е предвидена изградба на објектот, назив на проектантот кој го изработил рударскиот проект за изградба на објектот, податоци за лицата кои извршиле стручна оцена (ревизија) на рударскиот проект за објектот за кој се бара преглед и времето во кое може да се започне со техничкиот преглед.

Кон барањето од ставот 1 на овој член, се приложува:

1) дозвола за изведување на рударски работи врз основа на главен или дополнителен рударски проект;

2) главен или дополнителен рударски проект врз основа на кој се изведуваат работите, односно врз основа на кој е издадена дозволата за изведување на рударските работи;

3) останати проекти и документација за измените кои се извршени во текот на изведување на рударскиот објект;

4) докази за испитувањата на квалитетот на материјалите кои се вградени во рударскиот објект;

5) докази за извршените испитувања на конструкцијата на уредите, постројките и опремата во поглед на нивната носивост, техничка исправност и безбедност и

6) документација за резултатите од пробната работа, ако е вршена пробната работа на објектот.

Член 4

По приемот на барањето од членот 3 од оваа уредба, од страна на министерот за економија се формира Комисија за вршење на технички преглед на изведениот рударски објект (во натамошниот текст: Комисијата), составена од претседател, четири члена и секретар, при што истата е променлива во зависност од рударскиот објект за кој треба да се врши техничкиот преглед.

Член 5

Техничкиот преглед се врши од страна на Комисијата за 90 дена од денот на приемот на решението за формирање на Комисијата.

Член 6

Претседателот на Комисијата закажува подготвителна седница за седум дена од денот на приемот на решението за формирање на Комисијата.

На подготвителната седница од став 1 од овој член, се разгледува дали барањето за вршење на технички преглед на изведениот рударски објект ги содржи податоците и документацијата од член 3 од оваа уредба.

Доколку на подготвителната седница се утврди дека барањето е во согласност со член 3 од оваа уредба, Комисијата определува датум и место на одржување на седницата на која ќе се изврши техничкиот преглед на изведениот рударски објект.

Член 7

Техничкиот преглед на рударските објекти се состои од преглед на проектната техничка документација и преглед на изведените рударски објекти.

Член 8

Прегледот на проектната документација се состои од увид во:

- проектната документација и оценка на степенот на нејзиното изготвување и
- оценка на усогласеност на проектната документација со Законот за минерални суровини.

Член 9

Прегледот на изведените рударски објекти се состои од увид во:

- техничката исправност на рударскиот објект;
- ревидираната проектна документација за изведување на рударскиот објект;
- документите за исполнувањето на условите на главниот изведувач и со изведувачот на рударскиот објект;
- одобрението за градба од надлежниот орган доколку е потребно;
- гаранцијата за изведените рударски објекти и
- документите на изведувачот и техничкиот надзор при изведувањето на рударските објекти.

Член 10

При спроведувањето на техничкиот преглед на изведениот рударски објект, присуствуваат и претставници од концесионерот и извршителот на работите.

Член 11

Доколку на седницата на која се врши техничкиот преглед на изведениот рударски објект се утврди дека рударскиот објект е изведен во согласност со закон, Комисијата изготвува Извештај за технички преглед.

Член 12

Извештајот за технички преглед содржи податоци за: бројот и датумот на решението со кое е формирана Комисијата, имињата на членовите на Комисијата, името на концесионерот и извршителот на работите и имињата на нивните претставници кои биле присутни при спроведувањето на техничкиот преглед, местото, времето и начинот на работа на Комисијата, предметот на техничкиот преглед, точниот наслов на документацијата која и била доставена на увид, наод, мислење и предлози на Комисијата, издвоени мислења на поединечни членови на Комисијата и потпис на претседателот и членовите на Комисијата, како и потпис на концесионерот.

Член 13

Висината на трошоците за извршен технички преглед на изведени рударски објекти се утврдува во зависност од сложеноста на работите при вршењето на истиот и изнесува:

- 150.000,00 денари за целосен технички преглед на изведени рударски објекти за подземна експлоатација;
- 60.000,00 денари за поединечен технички преглед на изведени рударски објекти во подземната експлоатација: извозни окна, нископи, вентилациони окна, коси рампи, поткопи, транспортни ходници и централни рудни сипки;
- 60.000,00 денари за поединечен технички преглед на изведени рударски објекти за помошни рударски простории (машински и електро простории, црпни станици, магацини, работилници, складишта на експлозиви и ускопи за минување) и
- 90.000,00 денари за технички преглед на објекти за преработка на минерални суровини.

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на оваа уредба, престанува да важи Уредбата за начинот на вршење на технички преглед на рударски објекти и висината на трошоците за вршење на технички преглед („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/07).

Член 15

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-3106/1
10 мај 2022 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.